## VIII. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

**Член 7**

Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги :

- чуваат и штитат најмалку со истиот степен и грижа со кој што ги штити своите информации од слична природа;
- ќе ги користат само за оценување и вклучување во заеднички активности согласно горе наведената цел;
- ќе го ограничи пристапот кон доверливите информации само на своите вработени за кои е потребно истите да ги знаат и ќе ја запознае оваа група на вработени со обврските кои ги презел со овој договор;
- ќе ги копира репродуцира или на друг начин ќе пренесува вакви информации само до степенот до кој е тоа потребно ( јасно означувајќи ја секоја копија, репродукција или пренос како доверлива) и истите ќе ги дава само на оние лица кои се за тоа овластени;
- нема да ги оддава овие информации на трета страна без претходно писмено одобрение.

**Член 8**

Вршителот се обврзува:

- да ги третира и чува како деловна тајна и да не ги открива на трети лица сите добиени информации од Корисникот кои се процесираат, чуваат или транспортираат од страна на Вршителот преку услугите кои ги обезбедува;
- да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на Корисникот.
- проверка на постапувањето на Вршителот на обработката на личните податоци ја врши офицерот за заштита на личните податоци на Корисникот или од него овластено лице.
- да ги превземе техничките и организациските мерки за да обезбеди тајност и заштита при обработката ма личните податоци кои ги предвидел Корисникот.
- да имплементира адекватни контроли со цел заштита на доверливоста, интегритетот и расположивоста на доверливите информации до кои има директен или индиректен пристап.
- да обезбеди заштита и да преземе соодветни мерки за придржување кон обврските за доверливост на информациите од страна на неговите вработени кои имаат директен или индиректен пристап до доверливи информации.
- веднаш по дознавањето, да го извести Корисникот за секое кршење на обврските за доверливост согласно овој Договор или други договори склучени помеѓу Корисникот и Вршителот;
- да не ги проследи доверливите информации целосно или делумно до трети лица со кои соработува без претходна согласност од Корисникот;
- да издаде овластување на своите вработени за пристап до доверливите информации на Корисникот, по добиена согласност од страна на овластено лице кај Корисникот
- да ја надомести штетата предизвикана од непочитувањето на горенаведеното;

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:
Опис и количина на извршените стоки,како и единечна и вкупна цена за исплата, со пресметан ДДВ.

## X. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши во рок до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Набавувачот.